Министерство за образование и наука
Комора на психолози на Р.Македонија

ПРЕКИНУВАЊЕ НА ЦИКЛУСОТ НА НАСИЛСТВО

СИСТЕМСКА ПРЕВЕНЦИЈА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО



Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

КОМОРА НА ПСИХОЛОЗИ
на Република Македонија

Учиме. Спречуваме. Менуваме

ЗОШТО Е ВАЖНО?

Превенцијата започнува со **препознавање**.

Безбедноста започнува со **слушање**.

А промената започнува кога училиштето станува место каде детето знае дека **не е само**.

ПРОГРАМА НА ОБУКАТА

Структура на обуката

1

ПРВ ДЕЛ

- Семејно насилство
- Индикатори
- Проценка на ризик

2

ВТОР ДЕЛ

- Траума кај деца
- ППП и граници
- Интервју со дете

3

ТРЕТ ДЕЛ

- Институционално решавање
- Евалуација

ЗА ОБУЧУВАЧИ

Насоки за обучувачи

ПОЧЕТОК

- Поздравување и кратко претставување
- Објаснување дека темата е чувствителна и може да отвори лични реакции
- Поттикнување безбедна и почитувачка атмосфера

ВО ТЕКОТ НА ОБУКАТА

- Избегнувај преоптоварување со теорија
- Користи примери од пракса
- Поттикнувај чувство на компетентност, не страв
- Често вклучувај дискусија
- Внимавај на емоционални реакции кај учесници

НАГЛАСУВАЈ: Целта не е „истрага“, туку безбедност и поддршка.

ЗА ОБУЧУВАЧИ

Правила за комуникација

- Доверливост
- Почитување
- Право на пауза
- Активно учество
- Без осуда

?

ПРАШАЊЕ ЗА УЧЕСНИЦИТЕ

Што ви е најголем предизвик кога станува збор за препознавање семејно насилство?

ПРЕПОЗНАВАЊЕ

Митови и факти

МИТ

„Ако детето не кажува ништо - нема проблем.“

→

ФАКТ

„Децата најчесто покажуваат преку однесување.“

МИТ

„Само физичкото насилство е опасно.“

→

ФАКТ


„Психолошкото насилство има долгорочни последици.“

АКТИВНОСТ: Кратка дискусија со групата.

01 ПРВ ДЕЛ

Семејно насилство

Семејно насилство е секое однесување во семејната или партнерската средина кое предизвикува **физичка**, **психолошка**, **сексуална** или **економска** штета.



Форми на семејното насилство

Физичко насилство

УДИРАЊЕ

ШАМАРАЊЕ

ТУРКАЊЕ

ЗАКАНИ СО ОРУЖЈЕ

ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ДВИЖЕЊЕТО

Психолошко насилство

НАВРЕДИ

ПОНИЖУВАЊЕ

ЗАКАНИ

ИЗОЛАЦИЈА

КОНТРОЛА

Сексуално насилство

НЕСАКАНИ СЕКСУАЛНИ КОНТАКТИ

ПРИНУДА

ЕКСПЛОАТАЦИЈА

Економско насилство

КОНТРОЛА НА ФИНАНСИИ

ОДЗЕМАЊЕ СРЕДСТВА

ЗАБРАНА ЗА РАБОТА

Влијание врз детето

Децата може да бидат:

Директни жртви

Индиректни жртви
(сведоци на насилство)

Последици по децата:

Физички	Главоболки, болки во стомак, состојби поврзани со хроничен стрес
Емоционални	Анксиозност, депресија, вина, срам, ниска самодоверба
Когнитивни	Намалена концентрација и внимание, потешкотии во учење
Бихејвиорални	Агресивност, повлекување, бегање од часови, самоповредување
Социјални	Изолација, недоверба, конфликти со врсници

Краткорочни ефекти од семејно насилство врз децата?

Децата кои живеат во домови каде што еден родител е жртва на насилство често се чувствуваат исплашено и анксиозно. Тие можат постојано да бидат на штрек, очекувајќи кога ќе се случи следниот насилен настан. Ова може да предизвика различни реакции, зависно од возраста на детето.

ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

- Мокрење во кревет
- Цицање палец
- Почесто плачење и лигавење
- Тешкотии со заспивање или спиење
- Знаци на страв како пелтечење или криење
- Силна анксиозност при одвојување од родителот

УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

- Чувство на вина и самообвинување
- Негативно влијание врз нивната самодоверба
- Помало учество со училишни активности
- Послаб успех, помалку пријатели
- Почесто влегување во проблеми
- Чести главоболки и болки во стомак

ТИНЕЈЏЕРИ

- НЕГАТИВНИ ОДНЕСУВАЊА:
  Избегнување училиште, расправии со семејството
- РИЗИЧНИ ОДНЕСУВАЊА:
  Незаштитени сексуални односи,
  Употреба на алкохол или дрога
- Ниска самодоверба и тешкотии во создавање пријателства
- Започнуваат тепачки, малтретираат други и почести проблеми со законот*

** Овој тип однесување е почест кај момчиња кои биле изложени на насилство во детството, додека кај девојчињата почесто се јавуваат повлекување и депресија.*

ЦИКЛУСОТ НА НАСИ

Долгорочни ефекти од семејното насилство врз децата?

Децата кои живеат во домови каде што барем еднаш се случило семејно насилство имаат поголем ризик како возрасни да го повторат циклусот на насилство — или како жртви во насилни врски, или како насилници.

10×

поголема веројатност момче кое гледало злоупотреба на неговата мајка, да ја злоупотребува својата партнерка како возрасен.

6×

поголем ризик девојче што растело во дом каде што таткото ја злоупотребувал мајката, да биде сексуално злоупотребено.

Децата кои биле сведоци или жртви на емоционална, физичка или сексуална злоупотреба имаат поголем ризик за здравствени проблеми во зрелата возраст. Тука спаѓаат ментални нарушувања како депресија и анксиозност, но и физички состојби како дијабетес, дебелина, срцеви заболувања, ниска самодоверба и други сериозни последици.

ГЛОБАЛЕН РАЗМЕР

275 милиони
засегнати деца

725 милиони
засегнати возрасни

Семејното насилство е најмалку познато неповолно искуство во детството (ACE) . Подигнувањето на свесноста е клучно — **самото препознавање обезбедува валидација,** го олеснува зборувањето за оваа тема и претставува прв чекор кон надминување и намалување на последиците.

ПРЕПОЗНАВАЊЕ · ИНДИКАТОРИ

Емоционални и физички знаци

Емоционални индикатори

- Страв, анксиозност, повлекување
- Ниска самодоверба
- Претерана послушност
- Нагли промени во расположение

Физички индикатори

- Модринки, гребаници, изгореници
- Чести „необјаснети" повреди
- Запоставена хигиена и изглед
- Чест замор или поспаност

ПРЕПОЗНАВАЊЕ · ИНДИКАТОРИ

Бихејвиорални и училишни знаци

Бихејвиорални

- Агресивност или раздразливост
- Изолација од врсници
- Проблеми со концентрација
- Регресивно однесување

Училишни

- Чести изостаноци
- Намален успех
- Тешкотии во однесување
- Страв од враќање дома

Важно: еден индикатор не значи сигурно насилство — но повеќе присутни знаци бараат внимание и проценка.

ПРВ ДЕЛ · АГРЕСИВНОСТ К

Агресивноста може да биде...

- Физичка
- Вербална
- Релациона
- Пасивно-агресивна
- Онлајн агресија

> *Агресијата е **сигнал**, не само проблематично однесување.*

ПРВ ДЕЛ · АГРЕСИВНОСТ

Развојно очекувани знаци

Агресивното однесување може да биде дел од **нормалниот развој** — особено кога детето сè уште учи да ги изразува емоциите, потребите и фрустрацијата.

Важно е да се процени дали однесувањето е **соодветно за возраста**, колку често се јавува и дали му штети на детето или околината.

Рано училишна возраст

6–10 години · Агресијата обично станува повеќе контролирана.

Можно е

- Расправии со врсници, инаетење
- Вербални навреди
- Пасивно-агресивно однесување
- Реакции на неправда или исмејување

Детето веќе треба

- Да разбира последици
- Да може да се смири со помош

Адолесценција

ВО ПУБЕРТЕТ

- Зголемена раздразливост
- Бурни емоционални реакции
- Вербални конфликти
- Отпор кон авторитети

ПРИЧИНИ

- Хормонални промени
- Идентитетски развој
- Потреба за автономија
- Врснички притисок

АЛАРМАНТНИ ЗНАЦИ

- ! Суровост, планирано насилство
- ! Оружје
- ! Самоповредување
- ! Интензивни испади

Кога агресивноста не е развојно очекувана?

Потребна е дополнителна проценка ако:

- ! Агресијата е многу честа и интензивна
- ! Детето сериозно повредува други
- ! Нема чувство на вина или емпатија
- ! Однесувањето трае подолг период
- ! Има уништување предмети или закани
- ! Ненадејна промена во однесувањето
- ! Агресијата се јавува во повеќе средини — дома, училиште, со врсници

Фактори што влијаат на агресивноста

- Семејни конфликти
- Изложеност на насилство
- Стрес или траума
- Недоволно развиени комуникациски вештини
- Потешкотии со емоционална регулација
- Развојни или психолошки потешкотии

ПРВ ДЕЛ · АГРЕСИВНОСТ К

Причини за агресивност

БИОЛОШКИ фактори

СЕМЕЈНИ фактори

УЧИЛИШНИ фактори

СОЦИЈАЛНИ фактори

ПСИХОЛОШКИ фактори

Причини за агресивност

Биолошки фактори

Темперамент, невролошки особености и хормонални промени може да влијаат врз појавата на агресивно однесување.

Семејни фактори

Конфликти во семејството, недоследно воспитување и изложеност на насилство го зголемуваат ризикот за агресивност.

Училишни фактори

Проблеми со врсници, училишниот притисок и недостаток на поддршка можат да предизвикаат агресивни реакции.

Социјални и психолошки

Ниска самодоверба, намалена толеранција на фрустрација, стрес, фрустрација и тешкотии во емоционална регулација придонесуваат за агресивно однесување.

Реактивна и проактивна агресивност

Реактивна

- Импулсивна реакција на закана
- Емоционална експлозија

Проактивна

- Контролирана и насочена кон моќ
- Манипулативна

АКТИВНОСТ: Прашалник за реактивна и проактивна агресивност.

ПРВ ДЕЛ · ИНСТРУМЕНТ

Проценка на ризик кај деца-жртви на семејно насилство

Ризик е **веројатноста** дека детето ќе биде повторно изложено на насилство или ќе претрпи сериозни последици.

ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

Фактори на ризик

ПОВРЗАНИ СО НАСИЛНИКОТ

- Употреба на дроги
- Психичко растројство
- Поседување оружје
- Претходно насилство
- Злоупотреба на алкохол

ПОВРЗАНИ СО СЕМЕЈСТВОТО

- Социјална изолација
- Сиромаштија
- Хронични конфликти
- Негрижа и запоставување
- Развод

ПОВРЗАНИ СО ДЕТЕТО

- Попреченост
- Изолација
- Претходна виктимизација
- Мала возраст

ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

Нивоа на ризик

Низок ризик Еднократен конфликт без сериозни последици

Сепак, потребно е следење

Среден ризик

Повторувано психолошко насилство

Заплашување

Контролирање

Емоционална злоупотреба

Висок ризик

Потребна е итна реакција

Тешко физичко насилство

Закани по живот

Сексуално насилство

Самоубиствени идеи

Употреба на оружје


Малолетно дете оставено без грижа

ИНСТРУМЕНТ

Матрица на ризик

Структуриран инструмент за рангирање на веројатноста и тежината на ризикот во конкретен случај.

docs.google.com → Матрица на ризик



МАТРИЦА НА РИЗИК

УПАТСТВО:

Секој индикатор се оценува: 0 = нема, 1 = благо, 2 = умерено, 3 = изразено

Се собираат бодови по категории и вкупно.

А. ЕМОЦИОНАЛНИ ИНДИКАТОРИ

Индикатор	0	1	2	3
вкоченост				
страв				
повлеченост				
емоционална нестабилност				

Подбир А: ____ /12

В. БИХЕЈВИОРАЛНИ

Индикатор	0	1	2	3
агресија				
изолација				
регресија				
ризично однесување				

Подбир В: ____ /12

С. КОГНИТИВНИ

Индикатор	0	1	2	3
пад на успех				
концентрација				
дезориентација				
„исклучување"				

Подбир С: ____ /12

D. ФИЗИЧКИ

Индикатор	0	1	2	3
соматски болки				
замор				
повреди				
запоставен изглед				

Подбир D: ____ /12

Е. КРИТИЧНИ ИНДИКАТОРИ (со тежински бодови)

Индикатор	Поени
страв од дома	+5
жртва на насилство	+7
видливи повреди	+7
занемарување	+5

Подбир Е: ____ /24

ВКУПЕН СКОР

А + В + С + D + Е = _____ /72

ИНТЕРПРЕТАЦИЈА

Скор	Ниво	Акција
0–15	низок	следење
16–30	среден	тимска процена
31–50	висок	интензивна интервенција
51+	критичен	итно известување


ПРОФЕСИОНАЛНО ПРАВИЛО:
ако има еден критичен индикатор, автоматски минимум = висок ризик

ИНСТРУМЕНТ

Формулар за процена на семејно насилство

Стандардизиран формулар за бележење на индикаторите и нивото на ризик во конкретен случај.

docs.google.com → Формулар за процена



Формулар за проценка на семејно насилство (училишен контекст)

Овој формулар служи за иницијална училишна проценка на ризик и потреба од заштита/упатување. Не е форензичка проценка и не е дијагностички инструмент.

Идентификација

Училиште: _____

Психолог: _____

Одделение/возраст: _____

1. Причина за проценка

Краток опис на настанот/загриженоста: _____

_____

_____

_____

2. Индикатори (чекирај забележано)

Физички	Психолошки/емоционални	Училишни/социјални
☐ Модринки/повреди со нејасно објаснување	☐ Изразен страв/анксиозност	☐ Нагли промени во успехот
☐ Чести повреди	☐ Повлекување/депресивност	☐ Чести отсуства
☐ Несоодветна облека за повреди	☐ Гнев/агресивност	☐ Изолација од врсници
☐ Запоставена хигиена/грижа	☐ Хипервигилност (постојано "на штрек")	☐ Проблеми во односување
	☐ Проблеми со спиење/кошмари	☐ Страв од враќање дома
	☐ Самообвинување/срам	

3. Проценка на ризик (0–3)

Област	0	1	2	3
Тековна физичка опасност				
Ризик од повторување на насилството				
Психолошка загроженост				
Самоповредување/суицидален ризик				
Недостиг на заштитен возрасен				

0 = нема индикации, 1 = благи, 2 = значајни, 3 = итни/сериозни индикации

Вкупен ризик: ____ / 15

Интерпретација	Акција
0–4 Низок	Следење, поддршка, повторна проценка
5–9 Среден	Активирање училишен тим, план за безбедност, консултација со ЦСР
10–15 Висок	Итно обезбедување безбедност, известување директор/ЦСР; а кога има непосредна опасност – полиција/итна помош.

Критични индикатори

1. Тешки/свежи повреди или потреба од медицинска помош.
2. Изразен страв од враќање дома.
3. Закани со оружје, давење, сериозни закани по живот.
4. Сексуално насилство/експлоатација.
5. Самоубиствени намери/план или сериозно самоповредување.
6. Нема безбеден возрасен што може да го прифати детето.

4. Безбедносен план (кратка верзија)

- Безбедно место во училиштето: _____
- Контакт лице во училиштето: _____
- Безбеден возрасен/роднина (ако е применливо): _____
- Што ќе направи ученикот ако почувствува опасност: _____
- Институции/контакти: ЦСР, полиција, итна помош, локални сервиси.

5. Документација и известување

- Директор известен: Да Не (време: _____)
- ЦСР контактиран: Да Не (време: _____)
- Полиција контактирана: Да Не (време: _____)
- Родител/старател контактиран: Да Не (време: _____)
- Причина ако НЕ е контактиран родител/старател: _____

6. План за следење

Психолошка поддршка: _____

Контакт со наставници: _____

Повторна проценка: _____

Потпис: _____


Принципи за документација

1. Запишувајте факти и директни изјави, не заклучоци. Користете наводници за клучни реченици на детето.
2. Бележете датум, време и присутни лица.
3. Чувајте документацијата согласно правилата за доверливост и заштита на лични податоци.

02 ВТОР ДЕЛ

Траума кај деца и адолесценти

во контекст на семејно насилство



ВТОР ДЕЛ · ТРАУМА

Што е психолошка траума?

Емоционален, психолошки и невробиолошки одговор на настан или серија настани кои ја надминуваат способноста на детето да се справи со нив.

> *Траумата не е самиот настан — туку начинот на кој детето го доживува настанот.*

ПОТЕНЦИЈАЛНО ТРАУМАТСКИ НАСТАНИ

- Физичко насилство врз детето
- Психолошко малтретирање
- Сведочење на насилство меѓу родители
- Сексуална злоупотреба
- Закани
- Запоставување

ВТОР ДЕЛ · ТРАУМА

Основни карактеристики на траума

Загрозеност

Детето чувствува дека:

- не е безбедно
- нема контрола
- никој не може да го заштити

Беспомошност

Доминира чувството:

„Не можам ништо да направам.“

Преплавеност

Емоциите се посилни од капацитетите за справување.

ВТОР ДЕЛ · ТРАУМА

Невробиологија на траума

Како мозокот реагира на опасност кога детето е изложено на насилство?

Амигдала

- Станува хиперактивна.
- Постојано бара закана.

Хипокампус

- Потешко ги организира и складира сеќавањата.

Префронтален кортекс

Намалена способност за:

- концентрација,
- учење,
- планирање и
- контрола на импулси

ВТОР ДЕЛ · ТРАУМА

Одговори на траума

Fight

БОРБА

- агресивност
- конфликтност

Flight

БЕГАЊЕ

- избегнување
- отсуства од училиште

Freeze

ЗАМРЗНУВАЊЕ

- повлекување
- емоционална вкочанетост

Fawn

ПОТЧИНУВАЊЕ

- претерано угодување
- покорност

Faint

КОЛАПС

- Пад или исклучување на телото кога заканата е преголема

ВТОР ДЕЛ · ТРАУМА

Видови на траума

1 Акутна траума

Еден настан:

- физички напад
- сведочење на сериозен инцидент

2 Хронична траума

Повторувачки настани:

- континуирано семејно насилство
- занемарување.

3 Комплексна траума

Долготрајна изложеност на повеќе облици на насилство. Најчеста кај деца од дисфункционални семејства.

4 Развојна траума

Нарушува развој на приврзаност, самодоверба, идентитет и емоционална регулација.

Трауматски реакции кај деца - СИМПТОМИ

ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

- Плачење, регресија
- Мокрење во кревет
- Страв од одвојување

ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

- Агресивност
- Проблеми со внимание
- Училишен неуспех
- Соматски тегоби

АДОЛЕСЦЕНЦИЈА

- Депресивност
- Ризично однесување
- Злоупотреба на супстаници
- Самоповредување
- Изолација

ВТОР ДЕЛ · ТРАУМА

Траума и училишно функционирање

Како изгледа трауматизирано дете во училиште?

ЧЕСТО ПОГРЕШНО СЕ ИНТЕРПРЕТИРА КАКО

Мрзеливо, непослушно, манипулативно, незаинтересирано

А ВСУШНОСТ МОЖЕ ДА БИДЕ

Хипервнимателно, исплашено, хронично вознемирено, преоптоварено

ТИПИЧНИ ЗНАЦИ

- Нагло опаѓање на успех
- Чести отсуства
- Конфликти со врсници
- Изолација
- Пад на концентрација
- Плачливост
- Прекумрна раздразливост

ВТОР ДЕЛ · ТРАУМА

Траума-информиран пристап на училиште

НЕ *„Што не е во ред со ова дете?“*

ТУКУ *„Што му се случило на ова дете?“*

Клучни принципи

Безбедност

Детето мора да чувствува дека е заштитено.

Предвидливост

Јасни правила и јасни граници.

Поврзаност

Односот со возрасен е заштитен фактор.

Овластување

Детето да добие чувство на контрола.

ВТОР ДЕЛ · ТРАУМА

Траума и резилиентност

Резилиентност е способноста за адаптација и закрепнување по тешки искуства.

Заштитни фактори

Индивидуални

- Самодоверба
- Емоционални вештини

Семејни

- Поддржувачки родител

Училишни

- Безбедна средина
- Доверлив наставник
- Училишен психолог

Заедница

- Достапни сервиси
- Социјална поддршка

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

Ана, 13 години

Во последните два месеца:

- успехот нагло опаднал
- станала повлечена
- често плаче
- проблеми со концентрација

> *„Не можам да спијам кога слушам како тато вика по мама.“*

ПРАШАЊА ЗА ГРУПНА РАБОТА

1. Кои трауматски реакции ги забележувате?
2. Кои се факторите на ризик?
3. Кои се заштитните фактори?
4. Како би изгледал планот за интервенција?
5. Кои институции треба да се вклучат?

ППП

Прва психолошка помош

Според **World Health Organization** и **International Federation of Red Cross and Red Crescent Societies**, ППП е **хуман, поддржувачки и практичен одговор кон лице кое доживеало кризен или трауматски настан.**

ППП НЕ Е

- ✕ **Психотерапија**
- ✕ **Длабинско советување**
- ✕ **Форензичко интервју**
- ✕ **Истражување на настанот**

ППП

Основи на ППП

1 Гледај
LOOK

Процени:

- Дали детето е безбедно?
- Има ли непосредна опасност?
- Дали е потребна медицинска помош?
- Дали е емоционално вознемирено?

Прашања

- „Како си денес?“
- „Дали се чувствуваш безбедно во моментов?“

2 Слушај
LISTEN

Активно слушање:

- Смирен тон
- Контакт со очи
- Без осудување
- Без прекинување

Фрази

✔️„Ти благодарам што ми кажуваш.“

✔️„Те слушам.“

✔️„Разбирам дека ова е многу тешко за тебе.“

3 Поврзи
LINK

Поврзување со:

- Родител кој не е насилен
- Центар за социјална работа
- Здравствени установи
- Психолошка поддршка
- Полиција кога е потребно

ППП

Граници во ППП

Психолог / стручен соработник НЕ СМЕЕ

Да врши истрага
× „Кажи ми точно што се случило?“
× „Колку пати те удри?“
× „Кој е виновен?“

Да ветува тајност
× „Ова ќе остане меѓу нас“
Наместо тоа:
✔ „Ќе ја чувам твојата приватност, но ако некој е во опасност, ќе мора да побарам помош од луѓе кои можат да те заштитат.“

Да посредува меѓу насилник и жртва
Училишниот психолог не спроведува семејна медијација кога постои насилство.

Да врши психотерапија
ППП е краткорочна интервенција

НАЈЧЕСТА ГРЕШКА КАЈ УЧИЛИШНИТЕ ПСИХОЛОЗИ/СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ, Е ОБИДОТ ДА СТАНАТ ИСТРАЖИТЕЛИ, МЕДИЈАТОРИ ИЛИ ТЕРАПЕВТИ.

Како да реагира психологот кога открива семејно насилство

1 Смиреност

Не покажувајте шок.

Избегнувајте реакции како:

- ✕ **„Штооо?“**
- ✕ **„Не можам да верувам!“**

2 Валидирање

- ✔ **„Мило ми е што ми кажа.“**
- ✔ **„Беше храбро што зборуваше за ова.“**

Како да реагира психологот кога открива семејно насилство

3 Проценка на безбедност

Прашања:

- Дали некој те повредил?
- Дали се плашиш да си одиш дома?
- Дали некој друг е во опасност?

4 Следни чекори

Објаснување на следните чекори:

✔ **„Мојата работа е да помогнам да бидеш безбедно.“**

✔ **„Ќе разговарам со луѓе кои можат да помогнат.“**

ИНТЕРВЈУ СО ДЕТЕ

Интервју со дете – жртва на семејно насилство

АКТИВНО СЛУШАЊЕ

Рефлектирање

Повторување на чувството или пораката: *„Се чувствуваш разочарано.“*

Сумирање

Кратко повторување на главните точки: *„Значи, проблемот е притисокот и недостатокот на поддршка.“*

Валидирање

Признавање дека чувствата се разбирливи: *„Нормално е да се чувствуваш така.“*

ПРИНЦИПИ НА ИНТЕРВЈУ

- **Безбедност**
- **Почитување**
- **Неосудување**
- **Заштита на достоинството**

ИНТЕРВЈУ СО ДЕТЕ

Интервју со дете – жртва на семејно насилство

Какви прашања да поставуваме?

Отворени

„Кажи ми што се случи.“

„Како се чувствуваше тогаш?“

Затворени

Само кога е неопходно.

Забранети

- „Тато те удри, нели?“
- „Сигурно се исплаши?“
- „Зошто не кажа порано?“

Формулар за интервју со дете жртва на насилство (траума-информиран пристап)

Основни податоци

Датум/време

Психолог

Иницијали на дете

1. Почеток – создавање сигурност

Пример вовед: „Тука си на безбедно место. Не мораш да кажеш ништо што не сакаш. Ќе те слушам и ќе направиме план како да бидеш безбеден/на.“

- ☐ Објаснета улога и граници на доверливост.
- ☐ Потврдено дека детето разбира дека ако има ризик по безбедноста, психологот мора да побара помош.

2. Отворени прашања (без сугестија)

1. „Што се случи?“
2. „Што се случи потоа?“
3. „Каде беше тоа?“
4. „Кој беше присутен?“
5. „Како се чувствуваше?“
6. „Дали сега се чувствуваш безбедно?“
7. „Што ти помага кога си исплашен/а?“

Избегнувајте

- „Татко ти те удри, така?“
- „Мајка ти беше пијана?“
- „Те тепаат секој ден?“
- „Зошто не кажа порано?“
- „Сигурно не било толку страшно.“

3. Минимални информации потребни за безбедност

Прашање	Белешка
Дали има тековна опасност?	
Дали насилството може да се повтори денес/вечерва?	_____
Дали има безбеден возрасен на кој детето му верува?	_____
Дали има повреди што бараат медицинска проценка?	_____
Дали детето има мисли да се повреди себеси?	_____

4. Директни изјави на детето (запишувајте дословно)

_____

_____

_____

_____

5. Набљудувања на психологот (не интерпретации)

- Видливи повреди/облека: _____
- Афект (плачење, трема, повлекување): _____
- Однесување за време на разговорот: _____
- Присуство на придружник и динамика: _____

6. Проценка на итност

Критериум	Да	Не
Непосредна опасност по живот/телесен интегритет	☐	☐
Сериозни повреди/медицинска потреба	☐	☐
Сексуално насилство/експлоатација	☐	☐
Изразен страв од враќање дома	☐	☐
Самоубиствени намери/план	☐	☐

Ако било кој од горните критериуми е „Да“

1. Не го оставајте детето само.
2. Известете директор веднаш.
3. Контактирајте го ЦСР и/или полиција согласно протоколот и непосредната опасност.
4. Организирајте медицинска проценка кога е потребно.
5. Не вршете дополнително испрашување „за да дознаете повеќе“.

7. План за следни чекори

Активност	Одговорно лице	Рок
Психолошка поддршка	_____	_____
Безбедносен план	_____	_____
Известување/упатување	_____	_____
Повторна средба	_____	_____

Потпис: _____

Краток скрипт за затворање на разговорот

„Ти благодарам што зборуваше со мене. Ова што го кажа е важно. Ќе направиме план за твојата безбедност и ќе вклучиме луѓе кои можат да помогнат. Ако се почувствуваш во опасност пред следната средба, веднаш дојди кај мене/ наставник/ директорот].“

ВЕЖБА

Случај: Марко, 6 одделение

Во последниот период, наставниците забележуваат дека е тивок, избегнува контакт со врсници и често изгледа уморно. Неколку пати нема домашни задачи, а на часовите тешко се концентрира.

Еден ден наставничката забележува модринка на неговата подлактица. Кога го прашува што се случило, Марко кратко одговара: *„Ништо, паднав.“*

Во разговор со стручната служба, Марко изгледа вознемирено, постојано гледа во подот и вели дека не сака *„да направи проблеми дома“*.

Цел на активност: Учениците да анализираат trauma-informed пристап, препознавање и соодветна професионална реакција.

ПРАШАЊА ЗА АНАЛИЗА

1. Кои индикатори на можна злоупотреба се присутни?
2. Какви емоционални реакции покажува детето?
3. Кои прашања би биле соодветни во разговорот?
4. Што треба да се избегнува при интервјуто?
5. Кои се следните чекори на стручната служба?

ПРОТОКОЛИ И ПРАКТИКИ

Траума-информирано училиште

Училиште кое разбира како траумата влијае врз:

Учењето **Однесувањето** **Односите**

1 **Рано препознавање**

2 **Пријавување / упатување**

3 **Следење — 3 / 6 / 9 месеци**

Цел: Училиштето да стане средина која препознава и одговара на траума.

Работа со наставници и родители

Со наставници

Обучување на наставници да препознаат:

- Хипервнимателност
- Повлекување
- Дисоцијација
- Агресивност

Со родители

- Психоедукација
- Зајакнување на родителски капацитети
- Соработка со институции

ГРИЖА ЗА ПСИХОЛОГОТ

Превенција на секундарна траумaтизација и професионално согорување кај училишни психолози

СЕКУНДАРНА ТРАУМАТИЗАЦИЈА - Емоционално влијание од слушање трауматски приказни. Симптоми на секундарна траумaтизација

ЕМОЦИОНАЛНИ

- Тага
- Лутина
- Анксиозност

КОГНИТИВНИ

- Опсесивно размислување
- Проблеми со концентрација

ТЕЛЕСНИ

- Замор
- Несоница

ГРИЖА ЗА ПСИХОЛОГОТ

Професионално согорување

СИМПТОМИ

- Емоционална исцрпеност
- Цинизам
- Намалено чувство на компетентност
- Намалено ниво на толеранција на фрустрација
- Пад на когнитивни способности
- Пад на физичка снага и енергија
- Зголемено ниво на вознемиреност и раздразливост
- Растројство на сон

ФАКТОРИ НА РИЗИК


- Голем број случаи
- Недостаток на поддршка
- Професионална изолација
- Лична историја на траума

ЗАШТИТНИ ФАКТОРИ

- ✔ Супервизија
- ✔ Професионална поддршка (Комора на психолози – секција за училишни психолози)
- ✔ Самогрижа
- ✔ Баланс работа–приватен живот

03 ТРЕТ ДЕЛ

Институционално постапување и документација



ИНСТИТУЦИОНАЛНО ПОСТАПУВАЊЕ

Соработка со институции

Училишниот психолог не работи **сам.**

Клучни институции:

Центар за социјална работа

Полиција

Здравствени установи

Институционално постапување и документација

Клучни чекори при постапување

1. Обезбедување безбедност на детето
2. Смирена и поддржувачка комуникација
3. Проценка на ризик и итност
4. Навремено известување на надлежни институции
5. Почитување доверливост и етички принципи

ИНСТИТУЦИОНАЛНО ПОСТАПУВАЊЕ

Институционално постапување и документација

Документација

1. Објективно бележење на информации
2. Датум, време и опис на настан
3. Изјави запишани без интерпретација
4. Евиденција за преземени чекори
5. Чување документација согласно протоколи

ИНСТИТУЦИОНАЛНО ПОСТАПУВАЊЕ

Институционално постапување и документација

Институционална соработка

Училишен стручен тим → **Центар за социјална работа** → **Полиција / здравствени служби**

Координација и следење на случајот.


Важно: Секој сомнеж за насилство бара професионално и навремено постапување.

ИНСТРУМЕНТ

Формулар за институционално известување

Стандардизиран формулар за пријавување на случај до надлежните институции.

docs.google.com → Формулар за известување



ФОРМУЛАР ЗА ИНСТИТУЦИОНАЛНО ИЗВЕСТУВАЊЕ

Наменето за (институција) _____

ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Училиште: _____

Стручен соработник: _____

Датум: _____

ПОДАТОЦИ ЗА УЧЕНИК

Име и презиме: _____

Возраст/одделение: _____

ОПИС НА ЗАГРИЖЕНОСТ (факти, без интерпретација)

_____

_____

_____

_____

РЕЗУЛТАТ ОД ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

Вкупен скор: _____

Ниво на ризик: _____

ПРЕЗЕМЕНИ АКТИВНОСТИ (означи со ✓)

- ☐ разговор со ученик
- ☐ разговор со родител
- ☐ консултација со наставник
- ☐ интерен тим

ПРИЧИНА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

- ☐ сомнеж за насилство
- ☐ занемарување
- ☐ психолошка траума
- ☐ друго: _____

БАРАНА ИНТЕРВЕНЦИЈА

- ☐ проценка од социјална служба
- ☐ теренска посета
- ☐ дополнителна поддршка

ПОТПИС _____

КОМПЛЕКСНА СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

Ученик, 11 години

Сведок на хронично семејно насилство.

- Покажува агресивност
- Има пад на успехот
- Одбива разговор

УЧЕСНИЦИТЕ ТРЕБА ДА:

1. Направат проценка на ризик
2. Спроведат интервју
3. Развијат кризен план
4. Применат траума-информиран пристап
5. Идентификуваат ризици за секундарна трауматизација кај психологот

ЗАКЛУЧ

Клучни препораки

Вашата задача е да помогнете, а не да истражувате.

- **Безбедноста е секогаш приоритет**
- **Не ветувајте целосна доверливост**
- **Документирајте објективно**
- **Работете мултисекторски**
- **Првата психолошка помош е поддршка, стабилизација и поврзување со ресурси, а не терапија.**

Вашето мислење ни значи

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

КОМОРА НА ПСИХОЛОЗИ
на Република Македонија

Ви благодариме на вниманието!

- Учиме
- Спречуваме
- Менуваме